**20141414371**

## АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ

Врз основа на член 1, 6 и 15 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/08, 145/10, 104/13, 187/13 и 43/14), а во согласност со член 17 од Статутот на Агенцијата за управување со одземен имот , Управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен имот на Република Македонија на седницата одржана ден 18.9.2014 година го донесе следниот

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ

Член 1

Во Правилникот за постапување со одземен имот (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 115/13) во членот 3 зборот „веднаш„ се заменува со зборовите „во рок од 2 дена„ по зборот „истата„ се додаваат зборовите „во рок од три дена од денот на одземањето„.

Член 2

Во членот 14 во ставот 1 зборовите“ скапоцени камења и благородни метали“ се бришат, по зборот„денари„ запирката се брише и се додава сврзникот „и„.

Во ставот 3 зборовите “и Директорот на Агенцијата склучува Договор за чување на истите“ се бришат.

Член 3

Во членот 15 по зборовите „АУОИ„ се додаваат зборовите „по претходна согласност на Владата на Република Македонија„.

Член 4

Во членот 17 се брише став 1, ставот 2 станува став1 и истиот се менува и гласи:

„Агенцијата за управување со одземен имот во предлогот за продажба на акциите на јавната берзанска аукција, може да се предложи просечната цена постигната во последните дванаесет месеци на берзата за таа хартија од вредност, а постапката да се спроведе согласно Правилата за организирање на јавна берзанска аукција на акциите во сопственост на Државата издадени од Македонската Берза„.

Ставот 3 на член 17 станува став 2.

Член 5

Членот 28 се менува и гласи:

“Продажбата на одземените предмети, имот и имотна корист согласно овој Правилник се спроведува со наддавање по електронски пат“.

Член 6

Членот 43 се менува и гласи:

“Агенцијата по добиената претходна согласност на судот кој ја донел одлуката за привремено одземање во кривична постапка ќе донесе одлука за продажба или отстапување на привремено одземен подвижен имот во кривична постапка доколку процени дека со чувањето на имотот се намалува неговата вредност или трошоците за

негово чување се несразмерно големи. Барањето за претходна согласност за продажба и отстапување, Агенцијата го доставува до судот кој донел одлука за привремено одземање подвижен имот во кривична постапка во рок од десет дена од денот на известувањето за привремено одземениот подвижен имот во кривична постапка.

Согласноста за продажба или отстапување на привремено одземен подвижен имот во кривична постапка судот ќе ја донесе во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на барањето од страна на Агенцијата.

Агенцијата по примено то известување од судот или органот кој донел одлука за привремено одземениот подвижен имот во прекршочна постапка ќе донесе одлука за продажба или отстапување на привремено одземен подвижен имот во прекршочна постапка доколку процени дека со чувањето на имотот се намалува неговата вредност или трошоците за негово чување се несразмерно големи. Одлуката за продажба и отстапување на привремено одземениот имот во прекршочна постапка Агенцијата ја донесува во рок од 15 дена од денот на известувањето за привремено одземениот подвижен имот во прекршочна постапка.

Во случајот од ставовите 1 и 3 на овој член, Агенцијата во рок од де сет дена обезбедува процена на привремено одземениот подвижен имот од страна на овластен проценител или Бирото за судски вештачења."

Член 7

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија".

Агенција за управување
со одземен имот
Управен одбор
Претседател,
**Владимир Спиркоски,** с.р.

Бр. 01-4102/1
22 септември 2014 година
Скопје